20252625044

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 19 став (7) од Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ бр.39/05, 4/08, 48/10, 158/10, 44/11, 53/11, 11/12, 171/12, 187/13, 15/15, 129/15, 154/15, 192/15, 23/16, 144/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.110/21 и 3/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 23 декември 2025 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА УКИНУВАЊЕ НА УВОЗНАТА ДАВАЧКА-ЦАРИНСКАТА СТАПКА ЗА ЖИВИНСКИ И ПТИЧЈИ ЈАЈЦА ВО ЛУШПА, СВЕЖИ, КОНЗЕРВИРАНИ ИЛИ ВАРЕНИ

Член 1

Со оваа одлука се пропишува мерка за укинување на увозната давачка-царинската стапка при увоз на следната стока во следната количина:

| Тарифна ознака | Наименование | Количина (во кгр.) |
|---|---|---|
| 0407 | Живински и птичји јајца, во лушпа, свежи, конзервирани или варени: | |
| | -Оплодени јајца за инкубација: | |
| 0407 11 00 00 | --Одживина од видот *Gallus domesticus* | 80.000 |

Стоката од ставот 1 на овој член, корисниците-производители регистрирани во Централниот регистар на Република Северна Македонија со шифра на дејност 01.47- Одгледување на живина, кои вршат инкубирање на оплодени јајца за производство на еднодневни бројлерски пилиња за производство на пилешко месо, ќе ја увезуваат без плаќање царина во рамки на утврдената количина.

Член 2

За остварување на правото од член 1 од оваа одлука кон царинската декларација се поднесува:

- Решение од Централен регистар на Република Северна Македонија од кое може да се види дека корисникот е регистриран производител за одгледување на живина и
- Решение со кое се утврдува дека не постојат ветеринарно-санитарни пречки, издадено од Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија на корисникот-производител за увоз на стоката од член 1 став 1 од оваа одлука.

Член 3

Стоката од член 1 од оваа одлука која е ставена во слободен промет останува под царински надзор. Царинскиот надзор престанува кога престануваат условите поради кои стоката е ставена во слободен промет со намалување на увозните давачки, односно со ослободување од царинските давачки, кога стоката се извезува или уништува, кога стоката е употребена за други цели кои не се пропишани во оваа одлука и кога царинските давачки се платени.

Министерството за финансии-Царинската управа на крајот на секој месец да доставува извештај до Министерството за финансии и Министерството за надворешни работи и надворешна трговија за спроведување на мерката согласно член 1 од оваа одлука.

Член 4

Стоката од член 1 од оваа одлука се увезува заклучно со 31 декември 2026 година.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2026 година.

Бр. 50-11790/3
23 декември 2025 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.